Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 11/1-460/38
11.12.2020 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: 11 DEC 2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 11/1 | 460 | 38 | |

# Записник од 16-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 26.11.2020 година | **Време** | 14.00 – 15:30 часот |
| **Бр. на седница** | 16-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | СашкоСтојковски, Љубен Талев, Зоран Мурџев, Милан Николовски (независни експерти), Борис Арсов (АЕК), Сузана Киранџиска (Агенција за катастар на недвижности), Сања Фрковиќ Гелевска (ЕУ Делегација) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 18.11.2020 година;
2. Прогрес во прибирањето на податоци од страна на АЕК од операторите во однос на процесот на:
   - ажурирање на белите, сивите и црните зони;
   - Мапирање на услугата користење на услугата пристап до бродбенд на ниво на населено место (од аспект на брзина и технологија);
3. Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП), поврзаност со имплементацијата на Националниот оперативен бродбенд план;
4. Разно

16-тата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата едногласно беше усвоен предложениот дневен ред.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 15-та седница, одржана на 18.11.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка која се однесува на Прогресот во прибирањето на податоци од страна на Агенцијата за електронски комуникации, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, потсети на значајноста на овој процес кој ќе овозможи ажурирање на белите, сивите и црните зони, како и мапирање на услугата користење на услугата пристап до бродбенд на ниво на населено место (од аспект на брзина и технологија). Овој процес е неопходен за почеток на подготовката на Студијата за изводливост за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа.

Борис Арсов, раководител на Сектор во АЕК, надлежен за овој процес информираше дека со набавката на современ хардвер и софтвер ќе се овозможи пософистициран систем за ажурирање на податоците кои се добиваат од операторите а се очекува во рок од две недели новиот систем целосно да биде во функција. Во меѓувреме, завршена е

обуката на вработените во АЕК, кои ќе имаат работни активности поврзани со новиот систем.
Во однос на процесот на ажурирање на белите, сивите и црните зони како и процесот на мапирање на услугата користење на услугата пристап до бродбенд на ниво на населено место, Арсов извести дека до средината на декември оваа година треба да заврши процесот, на што Буковалов истото го оцени како исклучително брзо.

Членот на НКБК, Зоран Дервишов, потенцира дека новиот систем овозможува постапката за ажурирање на бели, сиви и црни зони да се врши многу брзо, за речиси неколку минути. Тој очекува операторите да ги доставаат податоците најдоцна до 15 декември годинава.

Членот на НКБК, Славица Настеска, од своја страна предложи кога ќе се наполни системот со податоци од операторите да се направи презентација со визуелизација како функционира системот што беше прифатено од претставникот на Агенцијата за електронски комуникации. Воедно беше дискутирано да биде подготвена листа со сите функционалности на системот, како би можеле да се донесат препораки за да се дефинираат различни корисници со различни приоритети за пристап до системот (читање, внес на податоци, анализа, генерирање извештаи,...)
**Заклучок:** Агенцијата за електронски комуникации да подготви презентација на новиот систем кон средината на декември 2020 година.

**За третата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК, Буковалов, во рамките на третата точка која се однесува на Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП), поврзаност со имплементацијата на Националниот оперативен бродбенд план предложи оваа точка да се одложи за следното продолжение на седницата наредната недела, заради технички проблеми при вклучувањето во седницата на Сузана Киранџиска од Агенцијата за катастар на недвижности. Исто така беше договорено АКН за идната седница на НКБК да подготви презентација за НИПП геопорталот.

**Заклучок** : На 3 декември 2020 година, ќе се одржи нова седница на НКБК на која ќе се дискутира за Националната инфраструктура на просторни податоци..

**За четвртата точка од дневниот ред,**

По однос на четвртата точка "Разно„, Владимир Соколов од Секторот за комуникации при МИОА, извести за прогресот во подготовката на драфт анализата за дефинирање на локации за државни wifi точки, како обврска која произлезе од заклучок на седницита на НКБК оддржана на 18.11.2020.

Владимир Радосављевиќ од Секторот за комуникации при МИОА информираше за

прогресот на миграцијата на веб страната на НКБК од серверот на ФИНКИ на серверот на МИОА, со што по извршените контакти со ИТ службата на министерството решено е да се спроведе процесот во координација со членови на НКБК. Во однос на доделба на е-маил адреси на членовите на НКБК, Радосављевиќ пренесе дека ИТ службата може да додели емаил адреси на членовите во формат: ime.prezime@bco.mioa.gov.mk.

**Заклучок**: НКБК го прифаќа предлогот на ИТ службата на МИОА, е-маил адресите да бидат во предложениот формат.

Владимир Радосављевиќ, исто така, информираше за барањето на ЈП МРД до МIOA за да им се достави копија од орто-фото мапата на државата, согласно на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и МИОА.

Како продолжение на оваа точка Буковалов отвори дискусија околу Драфт Студијата за ВСО во WB6 земјите, подготвена од консултанти на RCC. Тој нагласи дека студијата е доставена до членовите на НКБК, и дека е потребно до среда членовите да се произнесат по однос на студијата.

Буковалов истакна дека на следната седница на НКБК како точка на дневен ред ќе предложи да биде драфт Студијата за ВСО во WB6 земјите.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________